# Вовед во Еколошко право
# Законодавство на животна средина во Република Северна Македонија

Професор д-р Зоран Шапуриќ,Април 2023.

**Еколошко право се состоји од широк спектар на правна регулатива во областа на животната средина.**
**Еколошкото право, пред се  го опфаќа националното законодавство, како и меѓународната правна регулатива, односно меѓународните конвенции и други правни договори и документи во меѓународната сфера, како и законодавството на Европската унија.**
**Денес, во најголем број на земји правото на животна средина е утврдено и во највисоките правни национален акт  Уставот. Тоа е случајот и кај нас.**
**Еколошкото право ја утврдува правната рамка на еколошките стандарди и принципи во низа сектори на животната средина, како што се пред се, областите на воздухот, почвата, водата, хемикалиите, природата, индустриското загадување и хаварии, енергетиката, просторно и урбаното планирање итн.**
**Од ова се гледа дека заштитата и унапредувањето на животната средина има мултсекторски и мултидисциплинарен пристап.**
**Во современото живеење зајаканта е свеста дека квалитетот на здравјето на човекот и квалитетот на животот воопшто зависи од квалитетот на животната средина.**

# Законодавство

- **Република Севрна Македонија  Македонија, како земја кандидат за полноправно членство во Европската унија, има обврска своето нацинално законодавство да го хармонизира со законодавството на ЕУ.**
- **Еколошкото законодавство во РС Македонија, односно законодавтво во областа на животна средина, започна да се усогласува со законодавството на ЕУ во 2004 година.**

# Законодавство во областа на животна средина

- **Законодавството во областа на животна средина е прследено со динамичен процес кој е постојан бидејќи еколошкото законодавство на ЕУ е мошне динамично и претставува правна база за изградба на еколошки стандарди во разни сектори на животна средина како што се : почва, воздух, вода, отпад, бучава, заштита на природа, хемикалии, итн.**

Еколошкото право и Законодавство на животна средина е базирано на повеќе основни принципи :

- **принцип на превенција**
- **принцип на претпазливост**
- **принцип загадувачот плаќа**
- **принцип корисникот плаќа**
- **принцип на децентрализација**
- **принцип на одржлив развој**
- **принципот на учество на јавноста**
- **принцип на транспарентност**
- **принцип на интегрираност**
- **принцип на еднаквост и правичност**
- **принцип на децентрализација**
- **Принцип на учество на јавноста и транспаретност, како и многу други принципи**.

- **Набројаните принципи се од голема важност за транспарентоно,безбедно,право и корисно функционирање на една здрава животна средина.**
- **Овие принципи треба да се почитуваат и да  се согледаат од нивата меѓусобна поврзаност и условеност.**
- **Овие основни принципи се содржани во сите закони и други правни акти  во областа на животната средуна.**
- **Принципите се унапредуваат и развиваат согласно развојот на науката и технологијата.**
- **Самите принципи со зголемување на значењето на заштитата и унапредувањето на животната средина**

# Закони во областа на животна средина

- **Закон за животна средина**
- **Закон за заштита на природата**
- **Закон за квалитет на амбиентниот воздух**
- **Закон за управување со одпад**
- **Закон за пакување и управување со отпад од пакување**
- **Закон за електрична и електронска опрема и управување со отпад од електрична и електронска опрема**
- **Закон за батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори**
- **Закон за заштита од бучава во животната средина**
- **Закон за води**
- **Закон за просторно и урбанистичко планирање**
- **Закон за минерални суровини**
- **Закон за хемикалии**
- **Закон за генетски модифицирани организми**
- **Други закони од низа области кои се поврзани со животната средина.**

# Закон за животна средина

**Најважен и основен закон во областа на животна средина со кој се уредува управување и постапување кое важи за сите сектори и медиуми на животна средина, како и интегрирано управување со животна средина, оценка на влијанијата врз животна средина, стратешки  и планнски документи,, систем на еколошки дозволи,како што се:А интегрирана еколошка дозвола, за објекти со поголем обем на  загадување, ги издава државата Министерство за животна средина  и просторно планирање и Б интегрирана еколошка  дозвола за помали инсталации ја издава локалната самоуправа,општините, односно град Скопје, институциите кои имаат надлежност во животната средина, современите постапки за управување со животната средина итн.**

**Овој закон е генерален закон во однос на другите закони во областите на животната средина и се применува во сите случаји кога со посебните закони одредено прашање не е регулирано.**

**Законот утврдува и еколошки надоместоци , односно еколошки давачки како на пример, за нафтени деривати, за увоиз на одредени производи, за собирање на шумски плодови, за извоз на одредени растителни производи, за користење на природни богатсва, за тутун и тутунски прозивод , за електрични и електронски утреди за батерии и акумулатори, за регистрација на возила, како и бројни други еко давачки.**

**Еколошка етикета.**

**Законот за животна средина е рамковен закон за животната средина**
**Со Законот за животна средина се воведува сосема нов концепт за заштита на животната средина, кој овозможува интегрирано управување на животната средина како целина, преку усогласеност и координираност на Законот со другите закони од областа на животна средина. Законот, за првпат во Република Македонија, структурно ги воведува обврските за плаќање надомест, односно за плаќање т.н. еколошки давачки.**

**Најважни цели утврдени во овој Закон се:**
**зачувување, заштита и обновување и унапредување на животната средина;**
**заштита на животот и на здравјето на луѓето;**
**заштита на биолошката разновидност;**
**рационално користење на природните богатства и**
**спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.**
**Целите предвидени во Законот се постигнуваат особено со:**
**предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз животната средина; заштита и уредување на сите делови, односно области на животната средина; зачувување чиста животна средина.**

Законот, меѓу другото, следејќи ја генералната политика на децентрализација на власта и трансфер на дел на надлежностите од централната власт на единиците на локална самоуправа, односно на општините и на градот Скопје, предвидува и зголемување на надлежностите на општините и на градот Скопје.

Законот за животна средина предвидува и воспоставување евиденција за загадувачки материи и супстанции и на нивните карактеристики, потоа основање катастар за животната средина, кој ги вклучува катастарот на загадувачите на воздухот, водите и на почвата, како и катастар на создавачите на бучава и катастар на создавачите на отпад. Понатаму, се предвидува катастар на заштитените подрачја, како и други катастри утврдени со посебните закони.

# Закон за управување со отпад

- Го регулира управувањето со сите видови на отпад и начелта, целите  и принципите за управување со сите видови на  отпад, систем на издавање на дозволи , рециклирање и други форми на преработка на отпад, изработка на стратегии,национални и локални планови,депонирање на отпад, согорување на отпад, хиерархија во управување со отпад, како и сите други постапки поврзани со управување со отпад.
  За управување со опасен отпад надлежна е државата,
  додека за управување со неопсен отпад надлежна е локалната самоуправа.
- Законот го потенцира значењето на основната хиерархија во постапување со отпад – R( reduce), R (Reuse), R(Recycle).
- Ова значи дека пред се треба да се редуцира гнерирање на отпадот, потоа да се реупотребува се она што е можно да се употребува повтроно( пример со замена на пластиќни кеси со платнени трорби, кои имаат повеќекратна употреба), па дури потоа да се рециклира, а како најнеповолната опција да се депонира, кога не може да се исполни претходното.
- Кај нас за жал поради недоволна примарна и секундарна селекција , како и поради недоволен капацитет за преработка на опадот над 90% од отпадот се депонира.
- Во некоји развиени земји како што се на пример скандинавските земји, се депонира спод 10% од создадениот, осгтанатиот отпад се преработува во разни форми.
- Кај нас проблем со нереализација на регионални депонии, коли треба да прерасната во центри за управување на отпад по ЕУ стандарди.

Закон за заштита на природата, ги регулира формите на заштита на биолошката разновидност, на растителните и животинските видови, особено на загрозените видови, надзор над заштита на природата, националните пракови, спомениците на природата, природните резервати и други видови на заштитени подрачја, од национално, регионално и локално значење.
Законот го регулира и исполнување на меѓународните обврски  од областа на заштита на природата, како и надлежните институции во оваа област, инспекциски надзор и другите аспекти во областа на оваа област.

Закон за управување со пакување и отпад од пакување, го регулира постапување со тн. амбалажен отпад, односно пластиката и пластичната амбалажа, стаклото, хартијата и други видови на амбалажа.
Законот ја утврдува динамиката на остварување на националните цели за собирање на овој отпад, за примарна селекција, за секундарна селекција, за преработка и рециклирање на отпадот.
Законот промовира редуцирање на генерирање на отпад.

# Закон за водите

- Со овој закон се уредуваат прашањата коишто се однесуваат на површинските води, вклучувајќи ги и постојаните водотеци или водотеците во кои што повремено тече вода, езерата, акумулациите и изворите, подземните води, крајбрежното земјиште и водните живеалишта и нивното управување вклучувајќи ги и распределбата на водите, заштитата и зачувувањето на водите, како и заштитата од штетното дејство на водите; водостопанските објекти и услуги; организационата поставеност и финансирањето на управувањето со водите, како и условите, начинот и постапките под кои можат да се користат или испуштаат водите.

# Закон за квалитет на амбиентен воздух

- Со овој закон се уредуваат мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадувањето на амбиентниот воздух врз човековото здравје, како и за животната средина како целина, преку утврдување на гранични и целни вредности за квалитет на амбиентниот воздух и прагови на алармирање и праг на информирање, гранични  и целни вредности за емисии, формирање на единствен систем за следење и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух и следење на изворите на емисии, сеопфатен систем за управување со квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии, информативен систем како и други мерки за заштита од одредени активности на правните и физичките лица кои имаат директно или индиректно влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух.

Имено, овој Закон претставува општа правна рамка со која се поставуваат целите за квалитетот на амбиентниот воздух и намалување на штетните ефекти врз здравјето на човекот и на животната средина во целост.

Законот ги дефинира и регулира постапките за оценување на квалитетот на амбиентниот воздух и го регулира поставувањето на целосниот мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии, ги дефинира и регулира постапките за достапноста на информациите за квалитетот на амбиентниот воздух до јавноста и ги дефинира и регулира постапките за достапноста на информациите за квалитетот на амбиентниот воздух, како и начините, мерките и постапките за одржување на квалитетот на амбиентниот воздух.

Одредбите од овој Закон се однесуваат на вкупниот квалитет на амбиентниот воздух, со исклучок на загадување на амбиентниот воздух предизвикано од радиоактивни супстанци, бучава и од елементарни непогоди и загадување на воздухот на работното место. Самиот збор амбиентен укажува на тоа дека станува збор за регулирање на надворешниот воздух.

Одредбите од овој Закон се однесуваат на вкупниот квалитет на амбиентниот воздух, со исклучок на загадување на амбиентниот воздух предизвикано од радиоактивни супстанци, бучава и од елементарни непогоди и загадување на воздухот на работното место. Самиот збор амбиентен укажува на тоа дека станува збор за регулирање на надворешниот воздух.

. Понатаму, Законот утврдува дека за оценување на квалитетот на амбиентниот воздух, како и за вршење мониторинг на воздухот, се основа национална мрежа за мониторинг. Законот ја дава можноста, во согласност со централната власт, да се основа и локална мрежа за мониторинг од страна на општините, односно на градот Скопје. Податоците за мерењата, според Законот, треба да бидат достапни за јавноста. Заради утврдување на степенот на загаденост на амбиентниот воздух, како и изворите на загадување и нивното штетно влијание врз квалитетот на воздухот, се предвидува основање катастар на загадувачи на воздухот во кој се внесуваат и ажурираат податоци за загадување од разни извори на загадување

# Закон за енергетика

- Целта на овој закон е да се обезбеди:
- сигурно, безбедно и квалитетно снабдување на потрошувачите со енергија и енергенти;
- создавање на ефикасен, конкурентен и финансиски одржлив енергетски сектор;
- поттикнување на конкуренцијата на енергетските пазари со почитување на начелата на недискриминација, објективност и транспарентност;
- интегрирање на енергетските пазари на Република Македонија во регионалните и меѓународните енергетски пазари во согласност со обврските преземени со ратификуваните меѓународни договори;
- зголемување на енергетската ефикасност и поттикнување на искористувањето на обновливите извори на енергија и
- заштита на животната средина од негативните влијанија при вршењето на одделни дејности од областа на енергетиката.

- Со овој закон се уредуваат:
- целите на енергетската политика и начинот на нејзината реализација;
- енергетските дејности и начинот на регулирањето на енергетските дејности;
- изградбата на енергетските објекти;
- статусот и надлежноста на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија;
- пазарот на електрична енергија, пазарот на природен гас, пазарот на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт и пазарот на топлинска енергија;
- условите за остварување на енергетска ефикасност и промоција на користењето на обновливите извори на енергија и
- други прашања од значење за енергетиката.

# Закон за заштита од бучава во животната средина

- Со овој закон се уредуваат правата и обврските на Република Македонија, на општината, на градот Скопје, на општините во градот Скопје, како и правата и должностите на правните и физичките лица во однос на управувањето со бучавата во животната средина и заштитата од бучавата во животната средина.
- Цели на овој закон се:
- создавање здрави услови за животот на луѓето и заштита на животната средина од бучава,

- преземање мерки и активности за избегнување, спречување или намалување на бучавата,
- преземање на мерки за заштита од бучава која е наметната од блиската средина и предизвикува непријатност и отстранување или намалување на штетните ефекти кои се последица од изложеноста на бучавата во медиумите и областите на животната средина

- Во **членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија** животната средина е поставена како вредност и право кое мора да се заштитува и унапредува, промулгирајќи дека уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата е темелна вредност на Република Македонија.

**ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР**

**Најважен државен орган за инспекциски надзор е Државен инспекторат за животна средина.**

**Покрај овој инспекторат и други инспекторати имаат надлежности во оваа област,односно во областите поврзанои со животната средина, како што се : Државен инспекторат за земјоделство, Државен технички инспекторат, инспекциските служби во Агенцијата за храна и ветерина,Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, Државен пазарен инспекторат, државен инспекторат за труд( ова особено во делот на штетните супстанци во земјоделски производи и храна, во бучавата, во одредени стандарди и сл.**

**Државен инспекторат за животна средина е има најважен орган во инспески надзор во областа на животната средина.**
**Овој инспекторат делува согласно Законот за инспекциски надзор во животна средина, Закон за инспекциски надзор( општ закон во областа на животната средина) , Закон за животна средина, Закон за управување со отпад, Закон за заштита на природата, Закон за водите, и сите други закони кои задираат во областа на животна средина.**
**(субсидијарна примена на законите)**

При вршење на инспекцискиот надзор, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите од прописите од областа на животната средина, како и прописите во кои е утврдена надлежност за вршење инспекциски надзор во животната средина.

Државен инспекторат за животна средина, врши редовен, вонреден и контролен надзор и донесува записник записник.
Санкциите, прекршочни и кривични се утврдени во Законот за животна средина,како и сите други закони во областа на животната средина и во областите поврзани со животна средина, во Законот за прекршоците, кривичниот законик и др. Закони.

**Надлежни органи за вршење на инспекциски надзор во животната средина**

Инспекцискиот надзор во животната средина се остварува на централно и на локално ниво.

Надлежен орган за инспекциски надзор во животната средина на централно ниво е Државниот инспекторат за животна средина.)Инспекциски надзор во животната средина на централно ниво се врши од страна на Државниот инспекторат за животна средина преку инспекторите за животна средина, инспекторите за заштита на природата и водостопанските инспектори (во натамошниот текст: државни инспектори).
( Инспекциски надзор во животната средина на локално ниво се врши од инспектори за животна средина на локално ниво, кои се распоредени во организационите единици за вршење на инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје.

Инспекторите вршат инспекциски надзор во животната средина согласно со надлежностите утврдени во овој закон и прописите од областа на животната средина, како и другите прописи во кои е пропишана нивна надлежност.

Како што се гледа покрај Државниот инспекторат за животна средина инспекциски надзор во областа на животна средина го вршат и инспекторите на единициет на локалната самоуправа- општините ои град Скопје, согласно разграничувањатана надлежностите.
Така на пример за инсталации пример, индустриски објекти за кои се издава А еколошка интегрирана дозвола- која се издава од страна на државата , министерство за животна средина и просторно планирања(за поголеми индустрсики капацитети, 0 поглеми загадувачи надлежен е Државен инспекторат за животна средина.
Додека,  пак за помалите инсталации за кои од страна на единиците на локална самоуправа се издава Б интегрирана еколошка дозвола, за инспекциски надзор се надлежни инспекторатите на единициците на локална самоуправа – општините. Со тоа што во град Скопје инспекциските органи на град Скопје се надлежни за контрола на инсталации со Б дозвола, исклучиво инспекциски органи на град Скопје за целата територија на градот Скопје.

**Посебните дејства во инспекциската постапка кои се однесуваат на земање примероци за анализа се спроведуваат согласно со Законот за инспекциски над-зор.**

**При водење на инспекциската постапка, инспекторот во случај на итна и неодложна ситуација, а заради идентификација на изворите и обемот на загадувањето,мож да земе примероци за анализа од вода, воздух и почва, супстанци и материи кои се испуштаат во живот-ната средина, суровини, отпадни материи, производи и друго. Во редовна постапка, за земање на примероците и вршење лабораториски анализи од областа на животна средина инспекторот ангажира субјект кој поседува соодветна акредитација сог ласно прописите за акредитација и посебните закони.**

**Собирање и обезбедување докази од страна на Државниот инспекторат за животна средина.**

Секое физичко или правно лице, по барање на инспекторот ги прави достапни сите информации, вклучувајќи ги и материјалните и економските податоци, кои се важни за проценување на состојбата што е предмет на инспекциски надзор.

Инспекторот, со цел да го утврди влијанието врз животната средина, има право: од субјектот на надзорот да побара да му се достават резултатите од извршените испитувања, анализи и мерења согласно со прописите за животна средина;Инспекторатот  има право од субјектот на надзорот да побара да се земат примероци, да се анализираат и да се измерат супстанците и материите што се испуштаат во животнатасредина, како и бучавата и вибрациите; од субјектот на надзорот да побара да се земат примероци и да се анализираат материјалите и производите, употребени или процесирани, суровините и отпадните производи доколку има такви; да врши фотографирање, снимање или на друг начин да спроведува бележење на настанатата состојба; од субјектот на надзорот да побара да се разјаснат причините кои предизвикуваат загадување и деградација на животната средина;

да земе изјави од одговорните, службените, овластените и лицата кои се затечни, како и од други лица релевантни за утврдување на нивото и видот на загадувањето; да изврши анализа или од субјектот на надзорот, да побара да се изврши мерење, испитување и анализа на емисии согласно со посебните прописи од областа на

животната средина и да преземе и други дејства или активности со цел обезбедување докази кои се релевантни за утврдување.

Прекршочни санкции главно се утврдени во Законот за животна средина, но и во наведени закони.
Согласно закоот за животна средина прекршцоите се дефинирани во три категории зависно од големината на загрозување и деградација на животната средина.
За најтешки видови на загрозување на животна средина предвидена е голба во висина од 150.000 евра во денарска протвредност, за најтешки облици на деградација на животната средина.